АНАЛИЗА
НА ПРАШАЛНИЦИТЕ ОД ВТОРИОТ ЈАВЕН ПОВИК НА ПРОЕКТОТ
“СТРАНСКИ ЕКСПЕРТИ ЗА ДОМАШНИ КОМПАНИИ”

# СОДРЖИНА


1. Статистички податоци ..... 1
   1.1. Структура на пријавени компании по сектор ..... 1
   1.2. Структура на пријавени компании по потреба од експертска помош ..... 1
   1.3. Структура на пријавени компании по градови ..... 2
2. Статус на Проектот ..... 3
   2.1. Статус на апликациите на пријавените компании на 31.12.2016 година ..... 3
   2.2. Структура на добиена експертска помош по странска организација и земја ..... 3
3. Анализа на добиените прашалници од компаниите со завршени мисии ..... 4
   3.1. Квантитативни резултати ..... 4
      3.1.1. Просечно времетраење на мисија ..... 4
      3.1.2. Просечно креирани нови работни места по компанија ..... 4
      3.1.3. Остварени очекувања од Проектот ..... 5
      3.1.4. Вештини и професионално искуство на експертите, соодветност во однос на потребата на компанија и соработката со вработените (оцена 5 е максимална оцена) ..... 5
      3.1.5. Оцена на Проектот ..... 5
      3.1.6. Договорена повторна мисија (follow-up) со експертот ..... 6
      3.1.7. Повторно учество на домашната компанија во Проектот ..... 6
   3.2. Квалитативни резултати ..... 7
      3.2.1. Остварени промени во работењето и учество ..... 7
      3.2.2. Придобивки од Проектот за домашните компании ..... 7
      3.2.3. Предлог промени од компаниите за подобрување на Проектот ..... 8
      3.2.4. Коментари од домашните компании ..... 8
      3.2.5. Коментари од странските експерти (сумарно) ..... 8
4. Коментари од одговорните за Проектот (работната група во рамки на Канцеларија на претседателот на Владата) ..... 9

# 1. Статистички податоци

Вториот јавен повик беше објавен на 06.03.2015 година и траеше до 11.05.2015 година. На Јавниот повик беа доставени 70 апликации од 64 домашни компании.

## 1.1. Структура на пријавени компании по сектор

| **Сектор** | **Број на апликации** | **Процентуално учество** |
|---|---|---|
| Производи за секојдневна потрошувачка | 23 | 33 % |
| Услуги | 19 | 27 % |
| Индустриски производи | 17 | 24 % |
| Технологија | 7 | 10 % |
| Базични материјали | 2 | 3 % |
| Здравство | 2 | 3 % |
| **ВКУПНО** | **70** | **100 %** |

## 1.2. Структура на пријавени компании по потреба од експертска помош

| **Потреба** | **Број на апликации** | **Процентуално учество** |
|---|---|---|
| Производство и технологија | 32 | 46 % |
| Маркетинг и продажба | 23 | 33 % |
| Менаџмент и организација на работењето | 9 | 12% |
| Анализа на работењето | 2 | 3% |
| Деловна политика | 2 | 3 % |
| Човечки ресурси | 2 | 3 % |
| **ВКУПНО** | **70** | **100 %** |

## 1.3. Структура на пријавени компании по градови

| **Град** | **Број на апликации** | **Процентуално учество** |
|---|---|---|
| Скопје | 33 | 47 % |
| Струмица | 8 | 11 % |
| Охрид | 6 | 8 % |
| Струга | 4 | 5 % |
| Велес | 3 | 4 % |
| Кавадарци | 3 | 4 % |
| Прилеп | 3 | 4 % |
| Кочани | 2 | 3 % |
| Битола | 1 | 2 % |
| Гевгелија | 1 | 2 % |
| Неготино | 1 | 2 % |
| Ресен | 1 | 2 % |
| Свети Николе | 1 | 2 % |
| Тетово | 1 | 2 % |
| Штип | 1 | 2 % |
| **ВКУПНО 15 градови** | **70** | **100 %** |

# 2. Статус на Проектот

## 2.1. Статус на апликациите на пријавените компании на 31.12.2016 година

Апликациите на компаниите имаат еден од следните статуси: 1) Завршена апликација, 2) Откажана апликација, 3) Не исполнува услови, 4) Во тек.

Апликацијата има статус "Завршена" доколку мисијата на странскиот експерт е завршена или договорена.

Апликацијата има статус "Откажана" доколку домашната компанија на свое барање го има откажано своето учество во Проектот.

Апликацијата има статус "Не исполнува услови" доколку компанијата според критериумите и условите на јавниот повик не влегува во категоријата на мали и средни компании или во случај кога компанијата покажала непрофесионално однесување односно ги прекршила основните принципи на корпоративно однесување во соработката со Владата на Република Македонија во рамки на проектот

Апликацијата има статус "Во тек" доколку се уште се бара соодветен експерт за компанијата.

| **Статус** | **Број на апликации** | **Процентуално учество** |
|---|---|---|
| Завршена апликација | 47 | 68 % |
| Откажана апликација | 17 | 24 % |
| Не исполнува услови | 3 | 4 % |
| Во тек | 3 | 4 % |
| **ВКУПНО** | **70** | **100 %** |

## 2.2. Структура на добиена експертска помош по странска организација и земја

| **Потреба** | **Број на апликации** | **Процентуално учество** |
|---|---|---|
| PUM – Холандија | 19 | 40 % |
| SWISS – Швајцарија | 13 | 28 % |
| SES – Германија | 8 | 17 % |
| EBRD | 5 | 11 % |
| ASEP – Австрија | 1 | 2 % |
| Personal - Бугарија | 1 | 2 % |
| **ВКУПНО** | **47** | **100 %** |

# 3. Анализа на добиените прашалници од компаниите со завршени мисии

Од 47 реализирани апликации добиени се вкупно 28 одговори на прашалниците (60 %) со цел да се анализира задоволството на домашните компании од експертите и придобивките од целокупниот проект.

Врз основа на направената анализа добиени се следните резултати:

## 3.1. Квантитативни резултати

Во следниот дел од оваа анализа дадени се квантитативните резултати од анализата на одговорите во прашалниците:

### 3.1.1. Просечно времетраење на мисија




### 3.1.2. Просечно креирани нови работни места по компанија



### 3.1.3. Остварени очекувања од Проектот




### 3.1.4. Вештини и професионално искуство на експертите, соодветност во однос на потребата на компанија и соработката со вработените (оцена 5 е максимална оцена)




### 3.1.5. Оцена на Проектот



### 3.1.6. Договорена повторна мисија (follow-up) со експертот




### 3.1.7. Повторно учество на домашната компанија во Проектот



### 3.2. Квалитативни резултати

Во следниот дел од оваа анализа дадени се квалитативните резултати од анализата на одговорите во прашалниците:

#### 3.2.1. Остварени промени во работењето и учество




#### 3.2.2. Придобивки од Проектот за домашните компании

Придобивките од Проектот за домашните компании се огромни и истите може да бидат сумирани на следниот начин:

- Подобрени и проширени технолошки процеси;
- Креирани нови производи и нови производствени процеси;
- Имплементирани стандарди;
- Посетени земји од каде доаѓаат експертите;
- Подобрени знаења и квалитет на работа на вработените;
- Подобрена работна атмосфера;
- Зголемено производство и извоз;
- Изнајдени нови клиенти;
- Пренесено европско искуство;
- Подобрена целокупна организација на работење и однесувањето на вработените;
- Утврдени недостатоци во работењето и добиени препораки за надминување на унапредување на работењето и оптимизација на производството;
- Подобрувања во делот на наплата на побарувања, и сл.

### 3.2.3. Предлог промени од компаниите за подобрување на Проектот

Во насока на поуспешна реализација на Проектот и посоодветно исполнување на потребите на компаниите, домашните компании ги дадоа следните предлози:

- Кај оние компании кои имаат сезонско производство да се внимава доаѓањето на експертот да се реализира во моментот кога се одвива производството со цел максимизирање на бенефитот од доаѓањето на експертот;
- Да се алоцираат експерти кои поконкретно би ги исполниле потребите на компанијата (да се точно утврди неопходната експертиза);
- Подолг престој со цел повеќе аспекти од работењето да бидат анализирани;
- Задолжително претходно да се разговара со експертот по скајп или друг начин на електронска комуникација со цел експертот подобро да се запознае со самата компанија и карактеристиките на истата како и карактеристиките на Република Македонија, што би овозможила поголема продуктивност во работењето на експертот;
- Помош при пополнување на апликациите;

### 3.2.4. Коментари од домашните компании

- Креирани врвно квалитетни нови производи и рецепти;
- Проектот е од огромно значење за компанијата;
- Потребна е и понатамошна соработка со експертите со цел водење низ процесот на промени кои биле предложени;
- Подолго да траат мисиите;

### 3.2.5. Коментари од странските експерти (сумарно)

- Несоодветна организација на работењето;
- Не делегирање на надлежности (менаџерот врши повеќе функции и поради тоа не ја врши својата основна функција (организација на работата);
- Недоволна хигиена на деловните и производствени простори;
- Ниска ефикасност и големи загуби во работни часови;
- Немање воопшто или постоење на недоволно развиени интернет страни и користење на интернетот како алатка за продажба;
- Голем притисок врз вработените;
- Лоши услови за работа;
- Несоодветна комуникација помеѓу вработените;
- Недоволна заштита на вработените и непостоење на систем за пријавување на повреди и систем за подобрување на работењето;
- Несоодветно чување на подвижните машини;
- Несоодветна заштита на квалитетот на производите;

- Недоволен извоз на производи и услуги;
- Несоодветен внатрешен транспорт и складирање на готовите производи и нивна доставување до потрошувачите;
- Неефикасност во производствената линија (загуби во време и материјали);
- Несоодветно менаџирање на трошоците;
- Немање на соодветна комуникација со потрошувачите;
- Немање на бизнис план, акциски план и креирање на листа на приоритети;
- Не е овозможена иницијатива на вработените во насока на промени во работењето;
- Немање на анализа на предности и слабости во насока на подобрување на работењето.

## 4. Коментари од одговорните за Проектот (работната група во рамки на Канцеларија на претседателот на Владата)

Врз основа на анализата на добиените одговори на прашалниците како и врз основа на анализа на извештаите на експертите, работната група одговорна за реализација на Проектот ги дава следните коментари:

- Проблемите и потребите со кои се соочуваат домашните компании се бројни и обемни, што ја наметнува потребата од продолжува не реализацијата на овој Проект и во иднина со цел што поголем број на домашни компании да можат да обезбедат понатамошен раст и развој;
- Домашните компании се соочуваат со големи предизвици кои произлегуваат од недоволната екипираност, не делегирање на одговорностите, застарена технологија на производство, недиверзифицирани и недоволно развиени производи и услуги како и опрема за производство, недоволна размена на искуства и примена на европските стандарди во работењето (менаџмент, маркетинг и човечки ресурси);
- Проектот придонесува за зголемување на конкурентноста на домашните компании, зголемување на продажба на домашни и странски пазари, намалување на трошоците во работењето, а сето тоа резултира со креирање на нови работни места.
- Соработката со експертите е на високо ниво и не постојат инциденти или проблеми за време на престојот на експертите во Македонија. Истите се чувствуваат безбедно и задоволни се од професионалниот пристап на менаџментот и вработените но и од приватното време кое заедно го поминуваат со менаџментот и вработените;
- Задоволството на домашните компании од Проектот и очекуваните резултати се огромни со што се констатира потреба од понатамошна реализација на овој Проект.